Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), **Градоначалникот на Општина Штип,** на ден **14.08.2015 година**, донесе:

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ измена и дополнување на **Детален урбанистички план за дел од Центар Дел од Урбан Блок 1 - Општина Штип, опфат помеѓу улиците: „Иво Лола Рибар", „Ванчо Прќе", „Кирил и Методиј" и „Јосиф Ковачев" во Општина Штип**, кој го донесува Општина Штип, **не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Штип** на следната адреса: **www.stip.gov.mk**

3. Согласно критериумите за опоределување дали планскиот документ има влијание врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација: **Детален урбанистички план за дел од Центар Дел од Урбан Блок 1 - Општина Штип, опфат помеѓу улиците: „Иво Лола Рибар", „Ванчо Прќе", „Кирил и Методиј" и „Јосиф Ковачев" во Општина Штип**. **Опфатот нема да има влијание врз животната средина.**

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр. 18-5364/19 од 14.08.2015 година**

**Штип**

**В/П**

**Општина Штип**

**Градоначалник**
**прим. м-р Илчо Захариев**